ДО

Влада на Република Северна Македонија

# БАРАЊЕ

**За промена на одлуката за наплата на патарина за прва категорија А**

Почитувани,

На состанокот на мнозинството мото клубови во земјава беше дискутирана Вашата одлука („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 118 од 11.06.2019 година) за воведување на нова категорија за мотоцикли (А) и наплата според износот за возилата од прва категорија Б кој се множи со коефициент 0,6.

Земајќи ги во предвид примерот од неколку Европски земји, сметаме дека патарините за мотоциклите и во Македонија треба да бидат бесплатни. Во соседна Бугарија, членка на ЕУ, мотоциклистите се ослободени од плаќање, ист е примерот и со Романија, Чешка, Словачка, Германија, Холандија, Норвешка, Шведска. Во сите овие земји мотоциклистите не плаќаат патарини. Мотоциклот се смета за превозно средство кое зафаќа незначителен простор на патот, минимално загадува и користењето на повеќе мотоцикли отколку автомобили значително ќе го намали трошењето на самиот пат, односно ќе се намалат трошоците на државата за одржувањето на патиштата. Заради овие причини владите на повеќето Европски земји ги ослободуваат мотоциклистите од плаќање на патарини. Дополнително, со ослободување од плаќање за мотоциклистите значително се намалува и гужвата на патарините, имајќи во предвид дека на еден мотоциклист за да плати патарина му е потребно двојно повеќе време отколку на возач на автомобил.

Согласно горе наведеното, го доставуваме ова барање за промена на одлуката за наплата на патарина за возила од прва категорија (моторни возила со карактеристики на мотоцикли), односно бараме мотоциклите да бидат целосно ослободени од плаќање на патарина.

На состанокот кој се оддржа во текот на минатата недела поддршка на барањето дадоа повеќе од 40 мото клубови и здруженија од земјава (потписи во прилог) со вкупно членство од над 3000 мотоциклисти.

За сите дополнителни прашања ви стоиме на располагање на 072/258-252, односно на нашата електронска пошта contact@motori.com.mk

Мотори.ком.мк
Ул. Козле 85б, 1000 Скопје

за мотори.ком.мк
Благоја Мартиновски

___________________